„Никој од вас нема да биде вистински верник сè додека не му го посакува на својот брат она што го посакува за себе.“

Ебу Хамза, Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, слугата на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пренесува од Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, дека рекол: „Никој од вас нема да биде вистински верник сè додека не му го посакува на својот брат она што го посакува за себе.“
[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека иманот на муслиманот нема да биде целосен сè додека не го посака за својот брат истото она што го посакува за себе – било во поглед на верата или во овосветските работи. Исто така, не треба да му посакува нешто што и самиот не би го сакал за себе. Ако забележи недостаток во верата на својот брат муслиман, треба да се потруди да му помогне да се поправи. А ако кај него види нешто добро, треба да го поддржи во тоа, да му помогне и да му даде искрен совет за она што е поврзано со неговата вера и овосветските потреби.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66520